**ОПШТИНА ШТИП**

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-1245/2*
*04.02.2025 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 48 став (3), став (4) и став (5), член 49 и член 50 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) а во врска со член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот и спроведување на административната селекција и интервјуто , како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас( Службен весник на Република Северна Македонија број 259/2024), Општина Штип објавува :

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025**
**за унапредување на административни службеници**
**во Општина Штип**

Општина Штип објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следново работно место:

1. УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за јавно-комунална дејност, 1(еден) извршител

**Посебни услови согласно Законот за административни службеници и актот за систематизација**

-ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Научно подрачје инженерство и технологија, Научно поле Инжинерство на животна средина

-работно искуство и тоа:

најмалку две години работно искуство во струката

**Посебни работни компетенции:**

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија(англиски, француски , германски)

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

-решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг

-учење и развој

-комуникација

-остварување резултати

-работење со други/тимска работа

-стратешка свест

-ориентираност кон странките

-раководење и

-финансиско управување

**Распоред на работното време:**

-неделно работно време е од понеделник до петок

- работни часови неделно 40

- дневното работно време е 8 ( осум) часа ( 7:30 -15:30 часот)

**Плата:**

Паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со која се вреднува степенот на образованието и додатокот на плата за звање , изнесува 33.768,00 денари

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Штип, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишано за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Општина Штип, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена ,,А,, или ,,Б,, при последното оценување
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Штип на адреса Општина Штип ул.Васил Главинов 4б Штип.

Пријавата е прикачена заедно со интерниот оглас на web страната на која е објавен огласот.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови , можат да ги приложат и следните докази

-потврда за успешно реализирани обуки и/или

-потврди за успешно реализирано менторство

**ОПШТИНА ШТИП**

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на web страната на Општина Штип и web страната на Агенцијата за администрација.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни , а доставените докази верни на оригиналот.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на Секретарот на Општина Штип.Постапката за селекција за унапредување се состои од две фази, административна селекција и интервју.

**НАПОМЕНА**:Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дискфалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

*Општина Штип*
*Секретар*
*Вишна Шорова Ангелова*

*Општина Штип ул.„ВасилГлавинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Секретар Тел: (032) 22 66 16 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: visna.sorova@gmail.com*

# ПРИЈАВА

## ЗА ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ОПШТИНА ШТИП

**1.Податоци за огласот:**

-Број на интерниот оглас

-Реден број на работното место за кое се пријавува

**2.Податоци за кандидатот:**

-Име и презиме

-Вработен во ( тековно работно место,ниво)

-Контакт телефон

**3.Податоци за исполнување на посебните услови:**

-Степен на образование

-Вид на образование

-Образовна институција

-Насока

-Датум и број на диплома

-Работно искуство- години ,месеци

**4. Податоци за последното оценување пред објавувањето на интерниот оглас**

**5. Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас**

**6. Податоци за изречена дисциплинска мерка една**

**година пред објавувањето на интерниот оглас**

**7.Други податоци од интерес за работното место**

**Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дискфалификува од понатамошната постапка.**

**Датум**